# И З В Е Ш Т А Ј

за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово
за 2022 година

јануари, 2023 година

## ОПШТ ДЕЛ

Во текот на 2022 година, ЈП „Комунален сервис” Валандово непречено ја спроведуваше предвидената програма за работа и развој на претпријатието и тековно ги извршуваше своите законски определени работни задачи, односно ги даваше следниве услуги на граѓаните како претежна дејност од кој се состои најголем дел од приходот:

1. Собирање, преработка и снабдување со вода за пиење,
2. Одведување на урбани отпадни води,
3. Собирање, траспортирање и депонирање на комунален отпад,
4. Одржување на градски пазар
5. Јавна чистота
6. Управување и одржување на гробишта
7. Други услуги

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ЈП „КОМУНАЛЕН СЕРВИС” ВАЛАНДОВО

Јавното претпријатие „Комунален сервис” Валандово е основано заради вршење на сите дејности од јавен интерес на општина Валандово утврдени во Законот за комунални дејности и Законот за јавни претпријатија. Основач на јавното претпријатие е Општина Валандово која ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи. Претпријатието е основано со Решение бр. 2639 од 28.07.1958 година, а како јавно претпријатие за комунални работи „Комунален сервис“ Валандово е основано со Решение Срег.бр. 2213/89 од 29.12.1989 година во Окружниот Стопански Суд – Скопје. Исто така извршено е и усогласување на претпријатието со нормите од Законот за јавните претпријатија со решение број 3012014003743 од 24.01.2014 година од Централен регистар на Република Македонија. Седиштето на претпријатието е на ул. „Ленинова“ бр.1, Валандово.

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Заради обезбедување на меѓусебно поврзаните области и функции во надлежност на ЈП „Комунален сервис” Валандово, со цел за поефективна и поефикасна организација, координација и соработка се формираат следниве служби и одделенија:

### I. Административна служба

1. Одделение за финансиско работење
2. Одделение за општи и правни работи

**II. Стручна служба**

1. Одделение за водовод и канализација
2. Одделение за комунална хигиена, гробишта и пазар

Моменталната состојба со работната сила во ЈП Комунален сервис Валандово е задоволителна. Во 2022 година претпријатието располагаше со 33 вработени во редовен работен однос на неопределно време, 21 со договор на дело, 7 преку Агенција за привремени вработувања .Структурата на пополнети работни места на неопределено време од Правилникот за систематизација и организација на работни места изгледа вака:

| Работно место | Број на извршители |
|---|---|
| Архивар | **1** |
| Техничар за компјутерски системи и мрежи | **1** |
| Виш сораб. за правни работи и раб. односи | **1** |
| Налогоиздавач во одделение за водовод и кан. | **1** |
| Магационер | **1** |
| Инкасант наплатувач | **2** |
| Одржувач инкасант по села | **2** |
| Водоинсталатер | **4** |
| Машинист на пумпа и резервоари | **3** |
| Општ работник | **3** |
| Налогоиздавач во одделение за јавна хигиена | **1** |
| Метач | **2** |
| Одржувач на паркови и зеленило | **1** |
| Работник за собирање на отпад | **4** |
| Возач на комунално возило | **2** |
| Ракувач на земјоделска машина | **2** |
| Одржувач на канализациона мрежа | **1** |
| Канализационен работник | **1** |
| **Вкупно:** | **33** |

## ГЛАВНИ ОБЈЕКТИ И ОСНОВНИ СРЕДСТВА - ОДРЖУВАЊЕ И НАДГРАДБА

**Водоводни објекти**:

-Изворишта на вода (каптажи)

-Пумпна станица

-Резервоари за вода.

- Доводни цевководи

-Разводна улична мрежа

**Изворишта на вода - каптажи**

Зафатот на „Изворот“ е направен уште во 1958 год. провизорно со една цевка и

истиот така отворен се користи до 1986 год.

Во 1986 год. направена е покриена каптажа, избетонирана, со слободно истечување на водата во цевководот. Издашноста на изворот е од променлив карактер и за минатата година се движи од 5-7 l/s. во зависност од временските услови.

Над каптажата на овој зафат направена е заштитна куќа од 10 $м^2$ од тврда градба за хлоринаторот која се користи за директно течно хлорирање на изворската вода.



Зафатот на Манастирот св. Ѓорги изработен е во 1981 год. Се состои од подземна галерија на длабочина од 5м во која со помош на две дренажни цевки се зафаќа подземната вода и преку нив се внесува во цевководот. Издашноста на овој извор се движи од 2-5 l/s и од него се снабдуваат чешмите во манастирот и еден мал дел од градот.

Во 2020 година издашноста на овој зафат беше значително намалена и се движеше од 2- 3л/с преку целата година.

Минатата година се изврши чистење на дренажните цевки во подземната галерија од обраснати корења со цел да се овозможи поголем дотур на вода кое и понатаму ќе предизвикува проблеми заради сушната година .

**Пумпната станица во Татарли** е главен објект за водоснабдувањето на населените места Валандово, с.Раброво, с.Чалакли, с.Дедели и индустриска зона Раброво со вода за пиење. Оваа пумпна станица се состои од 3 бунари од кои два се активни. Во поголемиот, почнувајќи од декември 2018 година монтирана е нова потопна пумпа со јачина од 75Kw, а во помалиот има поставено пумпа со јачина од 25Kw. Главниот бунар е поврзан со главниот цевковод одново, со нови делови.






Наведените оперативни зафати ни овозможија да немаме проблеми со водоснабдување во текот на летните месеци од минатата година која како што знаеме беше многу сушна и со пеколни горештини.

**Препумпна станица с. Дедели**

Сместена е во куќичка веднаш до основното училиште во селото, каде е инсталирана мала електрична пумпа(бустер-пумпа) од 3Kw и капацитет од 3 l/s. За неа е изработена електрична командна шал-табла. Водата ја препумпува до резервоарот во с. Дедели.

**Резервоари за вода**

Валандово располага со резервоари со капацитет од 1300 м3, 250м3 и 80м3, Чалакли од 130 м3 и Дедели од 100 м3. Овие три резервоари ги задоволуваат потребите на граѓаните. Сите се во функција иако имаат доста недостатоци кои ја отежнуваат работата при одржувањето.

.

 

Исто така и во населените места кои се под надлежност на претпријатието има резервоари со капацитети 100-120м3.

**Доводни цевководи**

Овие цевоводи се главните артерии на водоводниот систем. Тие ја донесуваат водата до населените места (резервоарите).

Главниот цевовод е од пумпната станица Татарли до Валандово кој е изграден 1989 год. од азбестцементни цевки Ф-250мм чија пропусна моќ е 80 л/сек.

Должината му е 5,8 км. На овој цевовод по проектот се вградени воздушни вентили на четири места , испусни вентили на 5 места и еден ударогасител.

На почетокот е вградена мерна гарнитура (водомер), вентил и повратна клапна.

Од пумпната станица Татарли е приклучен потисен цевковод до село Чалакли изграден 1992 год. со Ф-75мм ПВЦ во должина од 1,8км. кој водата ја носи во резервоарот во Чалакли.

На 2км од пумпна станица Татарли кај полигонот е направен приклучок за с. Дедели со потисен цевковод од ПВЦ цевки Ф-100мм во должина од 3км кој водата ја носи во препумпна станица во с. Дедели. Истиот е изработен во 1995 год.

Друг доводен цевковод е од каптажа Манастир до Извор во должина 1,5км. Со ПВЦ цевки ф-150мм, а на него е направен приклучок за горна зона во западниот дел на градот. Доводниот цевковод од Изворот до резервоар Валандово ја зафаќа водата од каптажа Манастир во него се вклучува и каптажа Извор и со Ф-200мм. азбестцементни цевки во должина од 1,5км.

Доводните цевководи се во добра состојба ја обавуваат својата функција и со помали интервенции ќе функционираат подолг период.

Поради зголемените потреби од вода за пиење во Јосифово и Горна мала, во месец август 2017 година беше ставен во употреба и стариот бунар, односно бунарот кој беше отстапен од Месна заедница Јосифово на користење за потребите на село Калково. Таму беше направен приклучок за струја со линија од 200 метри и беше монтирано комплено нова пумпа со мотор со моќност од 5,5Kw и капацитет од 5 l/s.

Исто така во 2021 год завршен е комплетно ископ на бунар во с. Брајковци која во 2022 год се стави комплетно во употреба со нова пумпа за вода и целокупнен довод на црева и самостојна табла за довод на струја за да работи како комплетно независен систем од старата пумпа за доколку има потреба да можат истовремено да се стават во функција и двете пумпи за водоснабдување .

Во 2022 година направена е санација на 233 дефекти на водоводната мрежа и 87 дефекти на канализациона мрежа како во градот така и надвор од него. Извршени се и др санации и тоа приклучување на водоводна и канализациона мрежа на Дом на култура во с. Балинци , приклучување на истекот на реката Мичковица во канализациона шахта за да се избегне долгогодишното излевање на водата по улиците на населено место Брајковци .

**Табеларен приказ на работни часови на пумпна станица во с. Чалакли**

| | **јануари** | **февруари** | **Март** | **април** | **мај** | **јуни** | **јули** | **август** | **септември** | **октомври** | **ноември** | **декември** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2018** | 657 | 628 | 510 | 518 | 634 | 853 | 1036 | 1275 | 1305 | 1088 | 897 | 310 | **9711** |
| **2019** | 366 | 292 | 346 | 396 | 502 | 671 | 739 | 736 | 713 | 734 | 368 | 250 | **6113** |
| **2020** | 253 | 270 | 381 | 293 | 556 | 635 | 739 | 686 | 667 | 636 | 516 | 425 | **6057** |
| **2021** | 518 | 579 | 440 | 399 | 573 | 787 | 1095 | 1377 | 1196 | 998 | 776 | 518 | **9256** |
| **2022** | 230 | 207 | 235 | 441 | 717 | 671 | 713 | 722 | 682 | 715 | 676 | 331 | **6340** |

Со оглед на сушната година и намалена издашност на водите во нашата општина бројките на работните часови на пумпите покажуваат заштеди поради оптималната пресметана работа на пумпите што значи заштеда во електрична енергија без притоа да биде загрозено водоснабдувањето на населението во градот и населените места.

Табеларен приказ на дефекти во водоводна линија по профил на цевка

| Ф-20 | Ф-25 | Ф-32 | Ф-40 | Ф-50 | Ф-60 | Ф-63 | Ф-75 | Ф-80 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **107** | **83** | **31** | **9** | **13** | **15** | **39** | **27** | **2** |

| Ф-90 | Ф-110 | Ф-125 | Ф-160 | Ф-200 | Ф-250 | Ф-300 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **7** | **9** | **1** | **4** | **1** | **1** | **0** |

ЈП „Комунален сервис“ Валандово има вкупно **3828**
корисници и тоа:

| **Населено место** | **Физички лица** | **Правни лица** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Валандово | 1438 | 201 | 1640 |
| Раброво | 95 | 0 | 95 |
| Чалакли | 107 | 1 | 108 |
| Дедели | 64 | 1 | 65 |
| Бавчи | 174 | 0 | 174 |
| Јосифово и Горна мала | 440 | 28 | 468 |
| Брајковци | 141 | 6 | 147 |
| Балинци | 105 | 5 | 110 |
| Марвинци | 146 | 3 | 149 |
| Грчиште | 76 | 2 | 78 |
| Пирава | 494 | 16 | 510 |
| Удово | 281 | 9 | 290 |
| **ВКУПНО** | **3559** | **269** | **3828** |

Во изминатата 2022 година исто така се направени и нови приклучоци за вода на физички лица и правни лица.

# ПОТРОШЕНА ВОДА ПО НАСЕЛЕНИ МЕСТА - 2022

| Реон | Населено место | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Валандово | 12.551 | 13.955 | 14.393 | 16.723 | 17.565 | 20.887 | 23.148 | 27.206 | 17.833 | 15.700 | 14.472 | 12.697 | **207.130** |
| 2 | Раброво | 808 | 906 | 664 | 1.020 | 1.238 | 1.617 | 1.804 | 1.607 | 1.125 | 1.082 | 789 | 723 | **13.383** |
| 3 | Чалакли | 904 | 1.163 | 1.015 | 1.194 | 1.703 | 1.857 | 2.190 | 1.629 | 1.656 | 1.290 | 1.205 | 948 | **16.754** |
| 5 | Дедели | 668 | 648 | 731 | 832 | 1.049 | 1.054 | 1.262 | 921 | 908 | 856 | 892 | 833 | **10.654** |
| 6 | Бавчи | 221 | 265 | 1.926 | 912 | 1.325 | 1.415 | 2.528 | 1.245 | 1.426 | 1.382 | 713 | 604 | **13.962** |
| 7 | Јосифово | 3.555 | 3.373 | 3.483 | 3.960 | 4.180 | 4.263 | 5.119 | 5.671 | 4.157 | 3.416 | 3.133 | 2.548 | **46.858** |
| 8 | Балинци | 1.397 | 1.577 | 1.464 | 2.021 | 2.027 | 2.047 | 2.842 | 2.498 | 2.286 | 1.959 | 1.976 | 1.716 | **23.810** |
| 9 | Марвинци | 1.183 | 1.044 | 1.230 | 1.765 | 1.970 | 2.337 | 3.815 | 2.953 | 2.031 | 1.679 | 1.367 | 1.103 | **22.477** |
| 10 | Брајковци | 986 | 912 | 3036 | 1.654 | 1.437 | 3.831 | 3.005 | 3.305 | 2.067 | 1.668 | 1.246 | 860 | **24.007** |
| 11 | Грчиште | 483 | 589 | 564 | 825 | 979 | 1.086 | 1.282 | 1.187 | 955 | 915 | 812 | 487 | **10.164** |
| 12 | Правни лица | 9.173 | 9.368 | 8.708 | 9.031 | 9.287 | 9967 | 11.850 | 10.385 | 7.734 | 9.353 | 9.579 | 8.959 | **113.394** |
| | | **31.929** | **33.800** | **37.214** | **39.937** | **42.760** | **50.361** | **58.845** | **58.607** | **42.178** | **39.300** | **36.184** | **31.478** | **502.593** |

**Табеларен приказ на вкупно фактурирана вода во метри кубни**

| месец | Физички лица | | | | Правни Лица | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 год. | 2020 год. | 2021 год. | 2022 год | 2019 год. | 2020 год. | 2021 год. | 2022 год |
| **Јануари** | 24132 | 25443 | 23393 | 22756 | 7467 | 5786 | 7425 | 9173 |
| **Февруари** | 24784 | 24886 | 24189 | 24432 | 6861 | 7892 | 7722 | 9368 |
| **Март** | 30216 | 24972 | 29111 | 28506 | 8343 | 7934 | 8498 | 8708 |
| **Април** | 30617 | 27432 | 29854 | 30906 | 7561 | 8381 | 7542 | 9031 |
| **Мај** | 34684 | 43851 | 43046 | 33473 | 8474 | 8263 | 9286 | 9287 |
| **Јуни** | 41497 | 43118 | 42737 | 40394 | 8790 | 8262 | 10352 | 9967 |
| **Јули** | 48364 | 58999 | 57717 | 46995 | 9590 | 11397 | 10366 | 11850 |
| **Август** | 61847 | 44582 | 60467 | 48222 | 8873 | 10584 | 14210 | 10385 |
| **Септември** | 48755 | 43604 | 41563 | 34444 | 11131 | 10443 | 11510 | 7734 |
| **Октомври** | 39111 | 39814 | 29581 | 29947 | 9389 | 9617 | 10650 | 9353 |
| **Ноември** | 29114 | 27130 | 28305 | 26605 | 9694 | 11870 | 10239 | 9579 |
| **Декември** | 24424 | 26052 | 24538 | 22519 | 7182 | 8019 | 12410 | 8959 |
| **ВКУПНО** | **437545** | **429883** | **434501** | **389199** | **103355** | **108448** | **120210** | **113394** |

**Канализациона мрежа**

Скоро целиот град е покриен со фекална канализациона мрежа и секој објект е приклучен или ќе се приклучи на мрежата. Нејзината должина е околу 10 km, со пречници од Ф-100 до Ф-400mm. Најголеми проблеми се јавуваат од нестручна изградба на канализацијата поради обратни падови, големи падови, лошо изработени кинети доаѓа до запушување на канализацијата.

Во 2021 год се заврши изградбата на канализациона мрежа во с. Брајковци и Балинци и се отпочна со приклучување на физички и правни лица .

Исто така во октомври 2021 год се започна со ископ и основни зафати за изведување на канализациона мрежа за с. Раброво која е во план да се заврши најскасно до крајот на февруари или почеток на месец март па и овде ќе се почне со приклучување на домаќинствата кон канализационата мрежа .

Во 2022 год во месец март комплетно се заврши изведувањето на канализационата мрежа во с. Раброво и се започна со приклучување на домаќинствата . Се реши огромен проблем кај населението од  хигиенски и од аспект на заштита на животната средина .

Во тек на 2022 год направени се 35 нови приклучоци на канализационата мрежа во населено место Раброво и 3 во градот и 10 во Бојмискиот регион .

**Собирни решетки**

Собирни решетки за атмосферска вода ги има во градот 8 и во нив се јавува таложење на песок и истите се чистат од нашите вработени. Освен тековното нивно одржување се изврши и поправка на истите и со тоа се намалени штетите од поројните дождови.

Сливници служат за зафаќање на атмосферската вода и ги има околу 50 броја , се врши чистење на наталожениот материјал во нив.

Контролни шахти ги има околу 500 броја од нив се врши ревизија и отпушување на канализацијата.




## СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

Депонијата за отпад се наоѓа во месноста Сува река оддалечена од градот 4 км. Собраниот отпад од општината се депонира на овој простор и повремено се затрупува со сопствениот ровокопач-натоварувач. На депонијата има хидрантски приклучок за вода и платформа која служи за перење на комуналните возила и на контејнерите за отпад. Истотака се постави и рампа на самата депонија. Околу целата површина на депонијата се огради со бетонски столбови и се постави бодликава жица но истата мора да се одржува и да се мониторира заради присуството на добиток околу самата депонија од кој се прават големи штети на истата .

Во 2020 година се отпочна со собирање на отпад и во населените места Горна маала, Дедели и Чалакли во коишто има поставено 25 пластични контејнери.

Во 2021 год со помош на Општина Валандово се изврши набавка на 50 нови контејнери кои се наменети за Башибос , Дедели и исто така за замена на стари контејнери низ градот Валандово.

Во 2022 год исто со помош на грант од општината се изврши набавка на 31 контејнер , 215 канти за отпад по домаќинства и 43 канти за џебен отпад .

Исто така во 2022 год ЈП Комунален сервис ја превзема софтверската апликација СЕЛЕКТИРАЈ ОТПАД чија цел е подигање на свеста кај населението при селектирање на отпадот на две фракции пластика и хартија . Со позитивни искуства и вклучување на голем број на домаќинства , институции , ресторани и кафетерии се одбележа користењето на бенефитот од оваа апликација по придобивките од депонирање на што помалку

пластика и хартија на градската депонија .
Континуирано и во 2022 год со колективниот постапувач ПАКОМАК го организираме собирањето на стакло во поставените звона егла низ градот .

На крајот на декември 2022 год потпишан е троен Договор помеѓу ЈП Комунален сервис Општина Валандово и Еуро еко пак со цел продлабочување на соработката на полето на Селектирањето на отпад и негово депонирање во Собирен центар од каде што ќе биде превземан на понатамошен третман и дообработка во негова повторна употребна вредност.




**Јавна чистота**

Одржувањето на јавната чистота преставува континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини.

Под одржување на јавната чистота се подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини, отворени простори на јавни објекти, тротоари, паркинг простори, детски игралишта, плоштади, кејови, мостови, надвозници, градски гробишта, пазари, градски паркови, улични тревници, јавни санитарни јазли , како и чистење на снег во зимски услови.

ЈП Комунален сервис по налог на општина Валандово учествува во чистење на јавните површини при организирање на настани од јавен карактер и тоа по потреба со дежурни екипи во две смени со цел да се запази хигиената на градот и населените места кога за тоа ќе се укаже потреба .

**Објект градско пазариште**

Градскиот пазар во Валандово се протега на површина од 2500 $м^2$ на која се врши продажба на земјоделски производи, текстил и друга стока за која не е потребна посебна дозвола за вршење на промет.

Со реализирањето на делот за градскиот пазар од Програмата за работа и развој на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2021 година решени се поголем дел од проблемите

на пазарот а тоа се немање на доволно простор за продавање и слаба наплата од страна на продавачите. Со точното определување на парцелите и нивното нумеризирање се врши реална наплата за искористениот простор.

ЈП „Комунален сервис" Валандово располага со 40 нови тезги како и стари за продавање со кои се служат продавачите на пазарен ден.

**Градски гробишта**

Со донесените одлуки на Советот на општина Валандово, ЈП „Комунален сервис" како единствено јавно претпријатие беше назначено да стопанисува со новите градски гробишта во Валандово како и одржувањето на истите. Официјално се почна во месец октомври 2019 година.

За одржување на гробиштата во Валандово и с. Јосифово се ангажирани и посебни работници.

Во декември 2022 год се отпочна со изработка на нови парцели на новите гробишта кои согласно потребите ќе продолжат да се изработуваат и во следната година .

## ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ТРАНСПОРТ

.

**1 . Специјално возило** за собирање на отпад марка Митсубиши фусо со зафатнина на собирен кош од 8 м3. Возилото е набавено со помош на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (**РЕЦ**) и дел од сретствата ги одобри Општина Валандово. Ова возило е со механизам за подигање на контејнери до 1,1 м3.

**2. Специјално возило** за собирање на отпад марка БМЦ со зафатнина на собирен кош од 12 м3 и надградба за подигање контејнери од 1,1 м3. Година на производство 2012,

**3. Трактор со приколка** е од марката Фергусон - 533 стар е преку 40 год. и сеуште се користи. Служи за собирање на комунален отпад пред се во град Валандово и при пренос на водоводни и градежни материјали до потребното место.

**4. Трактор со приколка** марка ДФ-ДОНГФЕНГ 354/4WD за потребите на претпријатијата за собирање на отпад по другите населени места и пренос на водоводни и градежни материјали. Година на производство 2000 година.

**5. SOLIS 75 4WD** со кабина и тракторска **приколка ТИНАЗ 4 т .**Од 2021 год располагаме со уште еден трактор со приколица со кој дополнително го зголемуваме капацитетот на работа .

**6**. **Даска за чистење на снег во зимски услови**

**7. Цистерна за чистење на септички јами ММА** која ги опслужува домаќинствата кои не се приклучени во канализациона мрежа.

**8. Машина метларка** која има голем удел во хигиената на јавните површини во градот .

**9.Мобилна машина ровокопач-натоварувач** од марката Коматсу (Komatsu) добиен е како донација од Јапонската амбасада преку GGP грантот во 2019 година. Со набавката на ова основно средство придобивките за претпријатието се големи.




10. **Мобилна машина ровокопач-натоварувач** од марката Катерпилар (CAT) е набавен со средства одобрени од Општина Валандово. Овој ровокопач е земен за да ги извршува сите ровокопачки услуги како за потребите на претпријатието така и за вршење на услуга за трети лица за која ќе се наплаќа согласно утврдениот ценовник. Со набавката на новиот, овој слабо се користи.

**Автомобил** марка Југо 55 Корал набавено во 2018 година и се користи за потребите на претпријатието.

**Автомобил** марка Застава 101 кој е набавен 2018 година, а се користи за потребите на работниците од одделението за водовод и канализација.

**Автомобил** марка алфа ромео набавен 2022 со помош на Општина Валандово.

**ЈП Комунален сервис Валандово**

**Емилија Заева-Костова**